**Заедничка соработка на Студенсткиот парламент на ТТФ со Здружението за Цистична Фиброза во Република Македонија**

Почитуван Александар,

Како што ти споменав, ова барање до Студенсткиот парламент на ТТФ е од име на Здружението за Цистична Фиброза во Република Македонија, при што, упатувам барање за заедничка соработка:

Имено, пред една недела формиран е Комитет на Здружеието со Европската комисија во РМ. Целта е подигање на јавната свест за оваа сериозна, прогресивна и животозагрозувачка болест. Комитетот донесе одлука, наредната година, конкретно на 8 Октомври, односно викендот пред големиот празник 11 Октомври во сите поголеми Општини во државата да се одвиваат активности, програми и манифестации чија цел ќе биде токму оваа заедничка заложба: јакнење на сознанијата за ЦФ во насока на проактивно вклучување на децата и младите со ЦФ во општеството и нивна комплетна инклузија.

Роковите во кои треба како членови а здружението да ги изнесеме во Комитетот за прифатената соработка и начинот на којшто ќе се реализира истата е до 11 декември 2015 година.

Во таа насока, замолувам, да ги брифираш и другите членови од вашата Организација на ниво на факултетот, околу можноста за вакво заедничко ангажирање: пример делење на флаери за ЦФ или организирање некакво музичко дружење, поетско читање, возење ролери на одредена релација или нешто слично, што нема да подразбира трошење на пари, но ќе обедини добра воља, желба за поддршка на најранливите и еден хуман гест на поддршка што истовремено и медиумски и човечки - топло, ќе одекне низ целата држава.

Се разбира дека јас наведов само неколку можни начини за заедничко вклучување во настанот, оставам на вас, со вашиот младешки ентузијазам и меѓусебна комуникација , да предложите и да „резервираме“ учество на активисти за поддршка на децата и младите со ЦФ во нашата држава.

Голем и срдечен поздрав,

Елизабета Ангелеска Атанасоска
Советник за односи со јавноста